**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# ПРАКТИЧНА НАСТАВА

**II година**

## *ЗДРАВСТВЕНА СТРУКА*

***медицинска сестра***

**Скопје, 2006 година**

**1.ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ**

**1.1. Назив на наставниот предмет: *ПРАКТИЧНА НАСТАВА***

**1.2. Образовен профил и струка**

**1.2.1. образовен профил: *медицинска сестра***

**1.2.2. Струка: *здравствена***

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**
**1.3.1. Практична обука**

**1.4. Година  на изучување на наставниот предмет**
**1.4.1. Втора година**

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**
**1.5.1. Број на часови неделно: 5 часа**
**1.5.2. Број на часови годишно: 180 часа**

**1.6. Статус на наставниот предмет**
**1.6.1. Задолжителен предмет**

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по ***практична настава*** ученикот стекнува вештини и знаења и се оспособува:

- да ја **познава** организационата поставеност на здравствената дејност и работните обврски на медицинската сестра, постапката на прием на болниот, сместувањето и негата и етичките норми во односот со пациентите;
- да **спроведува** прием во болница, следење и нега на болниот;
- да го **приготвува** материјалот за предвидените медицински манипулации;
- да **ракува** со основните апарати, инструменти и другите средства за работа;
- да **изведува** основни мануелни техники адекватно на ординираниот налог во доменот на работата на медицинската сестра;
- да **развива** вештини и техники на комуникација и тимска работа;
- да ги **негува** особините на точност, одговорност и почитување на индивидуалноста на личноста и нејзините потреби;
- да го **сфати** значењето на професионалниот однос во работата.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на зацртаните цели, потребни се предзнаења од наставните предмети анатомија, физиологија и хигиена со здравствено воспитување, изучувани во прва година застапени во курикулумот за струката.

## 4.ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС
### 4.1. Структурирање на содржините за учење

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ И УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА МЕДИЦИНСКАТА СЕСТРА** | **20** | *Ученикот:*<br><br>- да го **познава** функционира-њето на здавствената заштита во практиката;<br><br>- да ги **забелелжува** карактеристиките на стационарна здравствена организација;<br><br>- да ја **согледува** организа-циската поставеност на здравствените установи;<br><br>- да го **познава** полето на работа на медицинската сестра;<br><br>- да ги **применува** начелата на работата на медицинската сестра зацртани во кодексот на медицински сестри. | ***Организирање*** на посета на здравствени установи од примарна, секундарна и терциерна заштита.<br><br>***Дискутирање и видео-презентации*** за улогата, значењето, работните обврски, изгледот и односот на медицинската сестра.<br><br>***Изработување*** на шеми и други графички материјали.<br><br>***Водење*** на дневник од активностите за практична настава. | Сите тематски Целина (1-10) се во непосредна корела-ција со тематсктите целини од теоретската настава застапени во предметот основи на нега. |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **2. КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОЛНИЧКА СОБА, БОЛНИЧКА ПОСТЕЛА И ПОДГОТОВКА ЗА ЛЕКАРСКА ВИЗИТА** | **15** | *Ученикот:*<br>- да ги **познава** стандардите за болничката соба и мебелот во неа;<br><br>- да ги **применува** начините на диплење на болничката постела и облека;<br><br>- да го **подготвува** потребниот материјал за местење на болничка постела;<br><br>- да ги **применува** техниките при местење на болничка постела и болниот во постелата во зависност од состојбата на болниот;<br><br>- да ги **развива** вештините за менување на делови од болничка постела и облека;<br><br>- да ги **применува** постапките за подготовка на лекарска визита. | ***Презентирање*** на стандарди за болничка соба, постела и облека.<br><br>- ***Местење*** на болничка постела и менување на делови од постелата, диплење на постелата и облеката.<br><br>- *Демонстрирање* на снимки и други прилози за лекарска визита.<br><br>- *Симулирање* на ситуации.<br><br>- *Евидентирање* во дневикот за практична настава. | |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **3. ПРИЕМ И ПРЕСТОЈ НА БОЛНИОТ ВО БОЛНИЦА И ПОЛОЖБА НА БОЛНИОТ ВО ПОСТЕЛА И ПРИ ПРЕНОС** | **15** | *Ученикот:*<br>- да ги **применува** постапките за медицинско – административен прием;<br><br>- да ја **спроведува** санитарната обработка на болен при прием;<br><br>- да ги **забележува** психолошките последици кај болниот од приемот;<br><br>- да ги **поседува** вештините на комуникација со болниот за стекнување на доверба и упатување на болниот во болничкот ред и однос во болницата;<br><br>- да ги **изведува** постапките за местење и пренесување на болен во постела во зависност од здрабствената состојба; | - *Пополнување* на обрасци.<br><br>- *Симулирање* на ситуации за изградување на вештина на комуникација и поттикнување на позитивна атмосфера и сон на болниот во болницата.<br><br>-*Поставување* на болен во одредена положба и пренос на болен (демонстрација на фантом). | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги **познава** правилата на постапност во работата. | | |
| **Тематски целини** | **Број на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
| **4. ПОМОШ НА ПАЦИЕНТОТ ПРИ ОДРЖУВАЊЕ НА ЛИЧНАТА ХИГИЕНА** | **20** | *Ученикот:*<br><br>- да ги **познава** постапките за помош при одржување на личната хигиена на болниот;<br><br>- да ги **идентификува** навремено појавите на физички неудобности кај пациентот;<br><br>- да ги **применува** постапките за превенција од физички неудобности;<br><br>- да **изведува** постапки за навремено лекување од физички неудобности. | - ***Дискутирање*** врз основа на слики, фотографии и видеопрезентации.<br><br>- ***Организирање*** на *посета* кај пациенти со последици од физички неудобности.<br><br>- ***Изведување*** на *постапки* на превенција од физички неудобности. | |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **5. МЕРКИ ЗА ХИГИЕНОТЕХНИЧКА И ПРОТИВЕПИДЕ-МИОЛОШКА ЗАШТИТА** | **30** | *Ученикот:*<br><br>- да ги **познава** нормите на заштита и самозаштита;<br><br>- да **спроведува** методи на асепса и антисепса;<br><br>- да **подготвува** и **користи** дезинфекциони средства и инструменти и апарати за дезинфекција и стерилизација;<br><br>- да ги **применува** постапките на дезинфекција и стерилизација;<br><br>- да **ракува** со апаратите за стерилизација;<br><br>- да **спроведува** контрола на сите видови на стерилизација. | - *Демонстрирање* на подго-товка за работа и користење на соодветни заштитни средства.<br><br>- *Подготовка* на дезинфекци-они раствори.<br><br>- *Подготовка* на апарати и инструменти за дезинфекција и стерилизација.<br><br>- *Изведување на постапка* на стерилизација и контрола.<br><br>- *Организирање на дискусија* за можни недоследности при спроведувањето на наведените методи. | |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **6. ПОМОШ НА ПАЦИЕНТОТ ПРИ ЗЕМАЊЕ НА ХРАНА И ТЕЧНОСТИ** | **5** | *Ученикот:*<br>- да **спроведува** диетална исхрана според болеста и природна и пасивна исхрана;<br><br>- да ги **изведува** техники на вештачка исхрана;<br><br>- да ги **познава** потребите за храна и течности на болниот во рамките на болеста. | - *Дискусија* за поврзаноста на болеста со диетата.<br><br>- *Демонстрирање* на постапка на пружање помош при давање и земање на различни видови на храна и течности.<br><br>- *Поставување и изведување* на техника на вештачка исхрана. | |
| **Тематски целини** | **Број на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
| **7. ПРИСТАП ПРИ ОПСЕРВАЦИЈА НА БОЛЕН** | **25** | *Ученикот:*<br>- да **опсервира** и навремено да **препознава** појава на карактеристични симптоми;<br><br>- да **ракува** со апаратите за мерење на виталните знаци и да ги **познава** нивните | - *Видеопрезентација* од опсервирање и дискусија.<br>- *Демонстрирање* на апарати за мерење на виталните знаци (апарат за мерење на притисок и термометар) и техниките за мерење и бележење.<br>- *Мерење* на температура, | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | карактеристики;<br>- да **препознава** карактеристични температурни криви;<br><br>- да ги **изведува** техниките за мерење на виталните знаци;<br><br>- да **евидентира** податоци за виталните знаци во температурната листа и во личниот дневник за работа. | притисок, пулс и дишење (број на респирации) на учениците и *евидентирање* на податоците.<br><br>- *Читање* на податоци од графички приказ на карактеристични температурни криви и подготовка на температурни листи. | |
| **Тематски целини** | **Број на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
| **8. ПРИСТАП ПРИ ОПСЕРВАЦИЈА НА ИЗЛАЧЕВИНИ** | **15** | *Ученикот:*<br>-да **препознава** паталошки про-<br>мени во излачевините;<br>- да **регистрира** забележани промени во температурна листа и во дневникот за работа;<br>- да ја **совлада** техниката за земање на излачевини при различни испитувања;<br>- да **познава** и да **користи** садови за излачевини;<br>- да **подготвува** материјал и **познава** техника за | - *Подготвување* на материјали и садови за земање на излачевини.<br><br>- ***Набљудување*** на *техники на земање на излачевини.*<br><br>- *Демонстрирање* на техника на апликација на клизма (на фантом, видеопрезентација и др. ). | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | апликација на клизма;<br>- да ја **почитува** приватноста на пациентот при земање излачевини. | | |
| **Тематски целини** | **Број на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
| **9. ДИСМУРГИЈА** | **10** | *Ученикот:*<br>- да ги **познава** принципите на дисмургијата;<br>-да **ракува** со завој и да ги **применува** правилата за преврски;<br>- да **применува** типични и атипични завои;<br>- да **развива** вештини за подготовка на преврзочен материјал. | - *Подготвување* на преврзочен материјал.<br><br>- *Изведување* на преврски. | |
| **ТЕМАТСКИ ЦЕЛИНИ** | **Број на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
| **10. ОДДЕЛЕНСКА АПТЕКА И ТЕХНИКА НА АПЛИКАЦИЈА НА ЛЕКОВИ** | **25** | *Ученикот*:<br><br>- да **применува** постапки за требување и чување на лекови; | - *Пишување, правење и читање* на збирни рецепти.<br><br>- *Означување и чување* на лекови во прирачна аптека. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да **идентификува** облици на лекови и нивното означување;<br><br>- да **применува** техники за апликација на лекови (интрадермално, супкутано, интрамускулно, интравенозно);<br><br>- да **применува** принципи за апликација на лекови;<br><br>- да **ракува** со потребниот материјал за апликација на лекови;<br><br>- да **негува** позитивен однос кон болниот при манипулации со лекови и професионален однос во работата со лекови. | - *Подготовка* на потребен материјал за апликација на лекови.<br><br>- *Апликација* на лекови на фантом. | |

**4.2. Наставни методи и активности на учење**

Наставата од предметот ќе се организира и реализира врз основа на принципите на **активната настава**. Ќе се користи комбинација од различни форми и методи. Погодни **методи** за наставата се: демонстрација од наставникот или ученици (илустративен материјал, видеоснимка, модел), посета на болница, симулација на процеси, практични активности на модел (фантом), дискусија, решавање на проблеми од струката, изготвување на едноставни истражувања и др.

**Активности на ученикот:** набљудува, се интересира, прашува, открива (открива во група и независно), вежба самостојно, применува, дискутира.

**Активности на наставникот:** планира, подготвува, поставува проблем, објаснува, дава инструкции, демонстрира, поставува прашања, организира работа во групи, координира, надгледува, помага, следи, оценува и воспоставува позитивна педагошка комуниација.

**4.3. Организација и реализација на наставата по**

Процесот на учењето ќе се изведува во **кабинетот за предметот основи на нега,** а дел од часовите со посета **во болница.** Фондот на часовите даден по одделни теми е ориентационен. Времето и начинот на организација се остава да го определи наставникот. Часовите се реализираат во групи (10-12 ученици). Временската и содржинската реализација на наставата треба да биде во корелација со наставата по предметот ОСНОВИ НА НЕГА.

**4.4. Наставни средства и помагала**

**4.4.1. Заеднички наставни средства:** видео/ТВ, PC со принтер, графоскоп.

**4.4.2. Посебни за предметот:**

- *видеоматеријали* –готови или преснимувани, фолии, компјутерски прогрми;
- *апарати, инструменти, фантом и мебел* според Нормативот за простор и опрема за предметот основи на нега (соодветно на барањата во графата *дидактички насоки);*
- *илустративни материјали*: цртежи, слики, табели, шеми и сл (готови или изработени од учениците и наставникот).
-

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Оценувањето** на учениците ќе се врши континуирано во текот на целата учебна година врз основа на оспособеноста на учениците според барањата на програмата и совладаноста на потребните знаења и умеења. Вреднувањето ќе се врши со различни постапки, форми и инструменти. Во секое полугодие ученикот треба да има задолжително барем по две оценки.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Покрај условите пропишани со Законот за средно образованеи, наставникот треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е физички и психички здрав, да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен и подготвен за примена на иновациите во воспитно – образовната работа.

### 6.2. Стандард за наставен кадар:

- Висока медицинска школа
- Виша медицинска школа
- Студии по медицина

со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

**6.3. Стандард за простор и опрема**

Наставата ќе се реализира во кабинет (која одговара на стандардот за простор) наменет само за наставата по предметот и опремен со инвентар и опрема според Нормативот за процтор, опрема и наставни средства.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7. 1. Датум на изработка**: мај 2006 година

**7.2. Состав на работната група:**

1. Гордана Донева Атанасоска, советник, БРО - Скопје
2. Проф. д-р Оливера Муратовска, Клиника за детски болести- Скопје
3. Д-р Данка Гиговска, професор, ДСМУ "Д-р Панче Карѓозов" - Скопје
4. Тоновска Лилјана, инструктор за практична настава, ДСМУ "Д-р Панче Карѓозов", Скопје
5. Советници од Секторот за стру;но образование

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ПРАКТИЧНА НАСТАВА

**8.1. Датум на започнување:** 1.09.2006 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот **практична настава** ја одобри министерот за образование и наука со решение бр. 07. 3851/26 од 29. 06. 2006 година.